46264

Весник ▒ ПОНЕДЕЛНИК 31 ЈАНУАРИ 2000

Германска вајарска уметност во МСУ

# Непрепознатлив јазик на формите

## Кон изложбата на цртежи и скулптури на Улрих Рикрим и Алф Лехнер

„Оваа изложба, е дел од серијата изложби со кои се презентира германската вајарска уметност. Улрих Рикрим и Алф Лехнер ѝ припаѓаат на групата уметници кои својата кариера ја отпочнале како скулптори. Лехнер ги изработува своите дела од челик, а Рикрим работи со гранит. И двајцата ги изведуваат своите дела со помош на материјали кои тешко можат да се преточат во форма, што значи дека начинот на уметничката обработка мора да се адаптира на особините на материјалот. Иако цртежите на двајцата уметници се изведени од положбата и односот кон скулптурите, тие не се замислени како работни скици за скулптурите. Напротив. Уметниците овде направиле чекор од тродимензионалното кон дводимензионалното. Нивните цртежи, покрај скулптурите, како автономни дела, успешно ја пренесуваат тродимензионалноста на скулптурата на цртежот", рече Маргарет Ибер, прв секретар на Амбасадата на СР Германија, која во петокот навечер, во Музејот на современа уметност во Скопје, ја отвори изложбата на цртежи и скулптури од двајцата германски уметници, Улрих Рикрим и Алф Лехнер, која ќе трае сè до први март годинава. Инаку, оваа изложба, која е реализирана во соработка со Институтот за односи со странство од Штутгарт, во заеднички контекст, прикажува околу 60-тина дела на Лехнер и Рикрим.



Улрих Рикрим е професор на Академијата за ликовни уметности во Франкфурт. Самостојно излага уште од 1964 година и до денес има приредено над сто самостојни изложби насекаде низ светот, а има изведено и многу јавни скулпторски проекти. Тој се вбројува меѓу најзначајните уметници на својата генерација кому му поаѓа од рака во изминатите триесет години да развие еден непрепознатлив јазик на формите, истиот многустрано да го варира, па дури и тогаш да создаде индивидуални скулптури што се засноваат на монолитната структура на камените блокови. Од другастрана неговото дело е монолитно во смисла на изолираност помеѓу уметничките тенденции во изминативе триесет години и не се вклучува во некаква класификација според групи или стилови.

Темите кои го поврзуваат времето пред и по 1968 година можат да се сметаат за елементарни теми на скулптурата на Рикрим. Оттогаш се и прашањата за обликувањето и расчленувањето на волуменот, за неговата пропорција во однос на набљудувачот и зависноста на оваа уметничка дејност од материјалите, кои до 1974 година беа дрво, железо и камен. За сметка на концентрацијата врз материјалите и нивните карактеристики, техниките кои доведуваат до обликување станаа особено значајни. Мотивите на Рикрим се во посебна согласност со каноните за формата на геометриските тела и врз основа на тоа за "отсуството на предметот", со што позасилено го свртуваат вниманието врз сите обележја на процесот на обликување. Цртежите на Рикрим исполнуваат специфична функција. Тоа се скици со контурни форми и мерни податоци кои се нанесуваат на милиметарска хартија, со цел низ цртачки делбени релации да се дојде до бараното решение. Но, тие стекнуваат и своја автономија која е евидентна аналогно на скулптурите.

Алф Лехнер е член на Баварската академија на науки и уметности и професор на неколку академии во Германија, Австрија и Италија. До денес тој има приредено над сто самостојни и учествува на голем број на групни изложби во Германија и во светот. Алф Лехнер дејствува на границата помеѓу дво и тродимензионалноста, а во неговите подоцнежни дела започнува да доминира материјалот кој станува негова тема. Така, од челични блокови тој создава ковани скулптури, односно низ ковање, сплескување, виткање, сечење, пилење и кршење, на продуктивен и радикален начин ги разоткрива тајните на материјалот. Лехнер со своите скулптури се обидува да ги направи видливи не само формите, туку и работниот процес и текот на времето. Неговите претстави доаѓаат до границата на изводливото, а нивната тежина изнесува помеѓу 30 и 100 тони. Но, тоа во ниеден случај не претставува некаков вид на мегаломанија. Самиот уметник во една прилика ќе рече: "Димензијата на масивните челични скулптури секогаш е во рамките на големината на човечкото тело, а сепак, човекот-набљудувач, поради тежината која што станува видлива, веднаш ја чувствува својата телесна немоќ".

Неговите цртежи не се скици за одредени дела, ниту скици за интервенции врз скулптурата, туку претставуваат самостојни дела на хартија кои се по пример на просторниот концепт, кој од своја страна е исто така карактеристичен за скулптурата. Цртежот просторно го определува со диплење и во цртањето ги прави видливи енергиите кои се содржат во основата на формирањето на неговите скулптури. (Л.М.)